РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

Примено:	19.9.2024		
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
02	625/1		

До

Сенатот на

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид (УИНТ)

Охрид, 19.9.2024год.

Предмет: **Редовен извештај за активностите спроведени од страна на овластено лице за прием на пријави на корупција на УИНТ, за период од јуни 2024 до истекот на мандатот, 28.7.2024.**

Почитувани,

Врз основа на Законот за високо образование и Правилник за работа и надоместок за овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот (арх.бр. 01-451/1 од 25.06.2021), со одлука арх. бр. 02-566/5 од 29.07.2021, избрана сум за овластено лице на УИНТ за прием на пријави на корупција. Според одлуката, изборот е на три години, што значи завршува на 28.7.2024 г.

Согласно Правилникот, го поднесувам овој извештај за спроведените и планираните активности во периодот за периодот неопфатен во претходните извештаи, а до истекот на мандатот, 1.6.2024-28.7.2024 година.

1. *Спроведени активности за подостапно пријавување на корупција на универзитетите со инклузија и на студентите*

- Со оглед на краткиот извештаен период, но и бидејќи се работи за летен период, не беа спроведени значајни активности

2. *Тековно следење на примената на Нацрт – политиката за спречување на корупција на универзитетот и планирани активности*

Согласно донесениот акциски план, неколку активности се извршуваат редовно:

- Јавно објавување на донесени Правилници и други интерни акти на веб страната на УИНТ, како и конкурси (тековно се спроведува);
- Јавно објавување на избори во звања на веб страната на УИНТ (објавени се сите досегашни избори во звања и тековно се објавуваат сите новоизвршени избори);

- Јавно објавување на Одлуките за избор на Ректор, Проректор, Декан и други функции на УИНТ на веб страната на Универзитетот (јавно е достапна преку веб страната на УИНТ целата документација во врска со изборот на Ректор, а тековно ќе бидат објавувани и одлуките за избор на декани и проректор/и);
- Информирање на вработените и студентите на УИНТ за нивните права во случај на корупција (преку објавените документи на веб страната, а дополнително се одржуваат информативни средби);
- Спроведување континуирано запознавање информирање на студентите и вработените на УИНТ со механизмите за справување со корупција и запознавање со нивните права и обврски во таквите околности (тековно).

3. *Информација за доставени пријави на корупција*

- Во извештајниот период не е доставена ниту една пријава.

Со почит,
Овластено лице за пријави на корупција,
Проф. д-р Елена Хаџиева
Хаџиева